Уп. бр. 08-149

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Фенлоер Штрасе 151-153, 50672 Келн, Германија, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Фенлоер Штрасе 151-153, 50672 Келн, Германија ќе стекне самостојна контрола над Италија Траспорто Аереo С.п.А. со регистрирано седиште на адреса Виа Венти Сеттембре, 97, Рим –Италија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Фенлоер Штрасе 151-153, 50672 Келн, Германија, со која ќе стекне контрола над Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт ќе стекне самостојна контрола над Италија Траспорто Аереo С.п.А. со регистрирано седиште на адреса Виа Венти Сеттембре, 97, Рим –Италија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт** холдинг друштво на Луфтханза Групацијата, друштво за авијација од Германија, со деловни операции на светско ниво, со седиште во Келн, Германија. Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт обезбедува услуги за патнички воздухопловен транспорт, товарен воздухопловен транспорт и сродни услуги. Управува летови до 320 дестинации во 104 држави, со возен парк од повеќе од 700 воздухоплови. Главните центри на Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт за меѓународното деловно работење се Франкфурт, Минхен, Цирих, Брисел и Виена. Со 109.509 вработени, Луфтханза Групацијата пренела околу 101,8 милиони патници. и е составена од следните деловни сегменти:

-Услуги за патнички воздухопловен транспорт - овој сегмент ги опфаќа Lufthansa German Airlines, SWISS, Austrian Airlines, Brussels Airlines, Air Dolomiti, Edelweiss Air, Eurowings и Eurowings Discover, како и неговото заедничко вложување со Turkish Airlines, SunExpress - кои сите се специјализирани за патнички воздухопловен сообраќај;

-Логистика – овој сегмент ги вклучува (покрај Lufthansa Cargo AG, кој управува со товарни воздухоплови) специјалистот за управување со воздухопловни контејнери Jettainer group, зависното друштво time:matters, кое е специјализирано за особено итни пратки, зависното друштво heyworld, кое е специјализирано за приспособени решенија за секторот за електронска трговија и заедничкото вложување со DHL Express, авиокомпанијата за товарен транспорт AeroLogic; и

-ОПР (услуги за одржување, поправка и ремонт) – овој сегмент ја вклучува Lufthansa Technik, независен давател на услуги за одржување, поправка и ремонт на цивилни комерцијални воздухоплови. Lufthansa Technik AG и неговите зависни друштва опслужуваат повеќе од 800 клиенти ширум светот, вклучувајќи производители на оригинална опрема, друштва за лизинг на воздухоплови, оператори на ВИП авиони и влади, како и авиокомпании.

Групацијата оперира летови од/до Северна Македонија и Аустријан Еарлајнс има подружница во Скопје - Аустријан Еарлајнс АГ Виена - Австрија Офис Парк 2 1300 Виенна Аирпорт Австрија Подружница на Аустријан Еарлајнс АД - Мралино Илинден со регистрирано седиште на БОСФОР бр. 1, Меѓународен аеродром – Скопје / Канцеларија 2087-8 Мралино, Илинден) и регистрирана приоритетна дејност– патнички воздухопловен транспорт.

**-Италија Траспорто Аерео С.п.А.** кое во своето трговско работење дејствува како Италија Траспорто Аерео С.п.А. е национален авиопревозник на Италија, со седиште во Рим. ИТА била основано во 9 октомври 2022 година согласно со италијанкото право и е под контрола на италијанското МЕФ. Од 15 октомври 2021 година, ИТА е претежно активна во полето на услуги за патнички воздушен транспорт на домашни и меѓународни летови. Денес, Италија Траспорто Аерео С.п.А. нуди сеопфатен патнички воздухопловен транспорт низ Италија (нејзините летови оперираат од/до Рим и Милано) и нуди директни и поврзувачки летови до големи европски главни градови, медитерански дестинации и до најбрзо растечките интерконтинентални пазари за традиционален туризам и бизнис.

Италија Траспорто Аерео С.п.А. нема регистрирано зависно друштво и не оперира летови од/до Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**